МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Број 14 Година XIII

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, август 2019

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
за објавување на Решение за избор на директор на општинското основно училиште „ Јан Амос Коменски “ Општина Карпош - Скопје

1. Се објавува Решението за избор на директор на општинското основно училиште „ Јан Амос Коменски “ Општина Карпош - Скопје.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6254/1**
**Датум: 27.08.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Број: 11-4670/2
Датум: 17.06.2019година
Скопје

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 132 став 1 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18) и врз основа на предлогот за избор на директор бр.02-173/3 од 05.06.2019 година даден на Записник од одржаниот состанок на Училишен одбор при ООУ „Јан Амос Коменски“ – Карпош – Скопје бр.02-173/2 од 05.06.2019 година, Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на директор на општинското основно училиште „ Јан Амос Коменски “ Општина Карпош - Скопје**

1. Лицето **Маја Старова**, СЕ ИЗБИРА за директор на општинското основно училиште „ Јан Амос Коменски“, Општина Карпош – Скопје, со мандат од 4 (четири) години.

2. Бруто износот на плата на директорот на ООУ „ Јан Амос Коменски“ – Општина Карпош, Скопје ќе биде утврден со посебено решение донесено од страна на училиштето, согласно важечките законски прописи.

3. По истекот на мандатот именуваната од точка 1 на ова Решение ќе се врати на работа во училиштето каде работела пред да биде избрана за директор, за вршење на работи кои одговараат на нејзиниот вид и степен на стручна подготовка.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на општина Карпош“.

**О б р а з л о ж е н и е**

Училишниот одбор на ООУ „ Јан Амос Коменски “ до Градоначалникот на Општина Карпош на ден 08.06.2019 година достави писмен допис - Записник број 02-173/2 чиј составен дел е предлог за

избор на директор на општинското основно училиште „ Јан Амос Коменски “, Општина Карпош – Скопје бр.02-173/3 од 05.06.2019 година.

Од доставениот предлог за избор на директор на ООУ „ Јан Амос Коменски “, Општина Карпош – Скопје, кој е составен дел од Записникот од одржаниот состанок на Училишен одбор при ООУ „ Јан Амос Коменски “, Скопје на ден 05.06.2019 година во 14.00 часот за спроведување на постапка за избор на директор бр.02-173/3 од 05.06.2019 година (наш бр.11-4670/1 од 08.06.2019 година) во присуство на претставник на Бирото за развој на образованието, се утврди дека единствениот пријавен кандидат на Огласот за избор на директор на училиштето, Маја Старова едногласно ги добила сите 8 гласови од присутните членови поради што Училишниот одбор ја предложи за кандидат за директор на училиштето.

Предвид наведеното, а согласно член 50 од Законот за локалната самоуправа и член 132 став 1 од Законот за основното образование, се одлучи како во диспозитивот на ова решение, односно лицето Маја Старова од Скопје се избра за директор на општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“, Општина Карпош Скопје, со мандат од 4 (четири) години.

Со оглед дека поради предвремен престанок на мандатот на директор на ООУ „Јан Амос Коменски“, Општина Карпош – Скопје, до завршување на постапката за избор на директор на училиштето, во истото беше именуван вршител на должноста – директор, со донесување на ова Решение, престана да важи Решението за именување вршител на должноста на директор во ООУ „Јан Амос Коменски“, Општина Карпош - Скопје број 11-1118/3 од 07.02.2019 година.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Стефан Богоев,с.р**

Доставено до:
- Маја Старова
- ООУ „Јан Амос Коменски“-Скопје
- Секторот за дејности од јавен интерес
  Одделение за образование
- Архивата

СОДРЖИНА

1. Решение за избор на директор на општинското основно училиште „ Јан Амос Коменски “ Општина Карпош – Скопје, со Заклучок за објава

**Издавач: Општина Карпош**
**Уредува: Сектор за правни работи**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж: 25 примероци**